# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 130 год. LXVII 26 септември 2011, понеделник Цената на овој број е 260 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


2900. **Правилник** за критериумите за утврдување на зоните чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води (*)....... 61

2901. **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се одобрува или со кое не се одобрува елаборатот............ 62

2902. **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се издава А - интегрирана еколошка дозвола, односно решение со кое се одбива барањето за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола............................................. 64

2903. **Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот.................................. 66

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**2900.**

Врз основа на член 103, став (3) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10 и 51/11), министерот за животна средина и просторно планирање во согласност со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за здравство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ ЧУВСТВИТЕЛНИ НА ИСПУШТАЊЕТО НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ (*)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите за утврдување на зоните на водните тела кои се чувствителни на испуштање на урбани отпадни води.

Член 2

Целата на овој правилник е контрола на емисиите што се испуштаат во водните тела и заштита на животната средина од штетното влијание на испуштените урбани отпадни води.

Член 3

Зоните чувствителни на испуштање на урбани отпадни води можат да бидат чувствителни и помалку чувствителни, што се утврдува согласно квалитетот на водното тело, намената на водата на тоа водно тело и неговите природни својства и карактеристики.

Член 4

(1) Зоните се определуваат како чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води за секое водно тело одделно според следните критериуми:

- Еутрофичност на водното тело, при што природното површинско слатководно водно тело, или друго слатководно тело ќе се смета за еутрофично кога содржи концентрација на вкупен азот повисока од 15 mg/l, односно содржи концентрација на вкупен фосфор повеќе од 2 mg/l или друг нутриент односно хранлива состојка, или постои опасност да достигне толкава концентрација во иднина, односно постои опасност да стане еутрофично во иднина доколку не се преземат заштитни мерки за контрола на испуштањето на урбаните отпадни води во природно површинското слатководно водно тело, односно не се преземат мерки за контрола на содржината на хранливи состојки на ефлуентот кој се испушта во водното тело од прочистени или непрочистени урбани отпадни води;

- Консумирање на водата од страна на човекот, при што областите на површинските водни тела се наменети за црпење на вода за консумирање од страна на човекот, кои содржат концентрација на нитрат повисока од 50mg/l, или постои опасност да достигне толкава концентрација во иднина доколку не се преземат заштитни мерки; и

- Загаденоста на отпадните урбани отпадни води, при што поради квалитетот на урбаните отпадни води што се испуштаат од населени места со повеќе од 2000 е.ж. е потребно повеќе од биолошко односно секундарно прочистување со цел да не се наруши квалитетот на површинското водно тело.

(2) При определување на нутриентот односно хранливата состојка и неговата концентрација од став (1) точка 1 од овој член, кој доведува или може во иднина да доведе до опасност од еутрофикација на површинското водно тело, односно при разгледувањето на тоа кој нутриент, односно хранлива состојка би требало да се намали со дополнително прочистување, треба да се земе во предвид дали како реципиент на испуштените урбани отпадни води се јавуваат површинско слатководно водно тело (на пример езеро и акумулација или затворен залив) за кое се знае дека има слаба размена на вода, што може да резултира со акумулирање на нутриентот. Нутриент е фосфатот и нитратот со нивните соединенија кој може да се појави во водите.

Член 5

(1) Зоните се определуваат како помалку чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води за секое водно тело одделно, само доколку испуштањето на урбаната отпадна вода нема да влијае негативно на морфологијата, хидрологијата или на специфичните хидролошки услови што постојат во таа област или да влијае негативно на животната средина.

(2) При определувањето на помалку чувствителните зони треба да се води сметка за ризикот од пренесување на ефлуентот во соседните зони каде што може да предизвика штетно влијание врз животната средина или врз зоните од член 4 од овој правилник, вклучувајќи ги и чувствителните зони надвор од територија на Република Македонија.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-5687/5
3 август 2011 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

Министер за здравство,
**Никола Тодоров,** с.р.

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 91/271/ЕЕЦ на Советот за третман на урбани отпадни води, (Celex бр. 31991L0271).

**2901.**

Врз основа на член 24 став (14) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ОДОБРУВА ИЛИ СО КОЕ НЕ СЕ ОДОБРУВА ЕЛАБОРАТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се одобрува или со кое не се одобрува елаборатот во рокот утврден со член 24 став (11) од Законот за животната средина.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение со кое се одобрува или со кое не се одобрува елаборатот“, во формат А-4 во бела боја, кој е даден Прилог и е составен дел од овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07 - 7075/9
14 септември 2011 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми**, с.р.

Прилог

До Писарницата на:
1. Министерот за животна средина и просторно планирање
2. Градоначалникот на општината

Број ___________________
Датум _________________

БАРАЊЕ
заради недонесување на решение со кое се одобрува или со кое не се одобрува елаборатот

_______________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице – подносител на барање )

_______________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице – подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, министерот за животна средина и просторно планирање/градоначалникот на општината, во рокот утврден во член 24 став (16) од Законот за животната средина, да постапи по барањето за одобрување на елаборат за заштита на животната средина, поднесено под број _________ на ден _______________ до __________________, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање

____________________

**2902.**

Врз основа на член 105 став (5) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ИЗДАВА А - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ОДНОСНО РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ОДБИВА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА А - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се издава А - интегрирана еколошка дозвола односно решение со кое се одбива барањето за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола во рокот утврден со член 105 став (1) од Законот за животната средина.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение со кое се издава А - интегрирана еколошка дозвола односно решение со кое се одбива барањето за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола“ во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел од овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07 - 7075/9
14 септември 2011 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми**, с.р.

Прилог

До: Писарница на министерот за животна средина и просторно планирање
Скопје

Број ____________________
Датум __________________

БАРАЊЕ
заради недонесување на решение со кое се издава А - интегрирана еколошка дозвола односно решение со кое се одбива барањето за издавање на А - интегрирана еколошка дозвола

_______________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барање)

_______________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице – подносител на барање )

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, министерот за животна средина и просторно планирање, во рокот утврден во член 105 став (7) од Законот за животната средина, да постапи по барањето за издавање на решение за добивање на А - интегрирана еколошка дозвола, поднесено под број ___________ на ден ______________ до _______________, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање

_____________________

**2903.**

Врз основа на член 87 став (7) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ ИЛИ СЕ ОДБИВА БАРАЊЕТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот во рокот утврден во член 87 став (1) од Законот за животната средина.

Член 2

Барањето од член 1 од овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот“ во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07 - 7075/9
14 септември 2011 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми**, с.р.

Прилог

До: Писарницата на министерот за животна средина и просторно планирање

Број ____________________
Датум __________________

БАРАЊЕ

заради недонесување на решение со кое се дава согласност или се одбива барањето за спроведување на проектот

______________________________________________________________

(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице – подносител на барање)

______________________________________________________________

(седиште на правно лице/адреса на физичко лице – подносител на барање)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам, министерот за животна средина и просторно планирање, во рокот утврден во член 87 став (9) од Законот за животната средина, да постапи по барањето за донесување на решение со кое се дава согласност за спроведување на проект или се одбива барањето за спроведување на проектот, поднесено под број _________ на ден _______________ до ___________________________, чија копија се доставува во прилог.

Подносител на барање

______________________

________________